| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "KocoRacin" 75<br>Skopje, Republic ofMacedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website:www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail:macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

ЗАПИСНИК
Од 3та седница на Управниот одбор на МРФ,
одржана на 16.02.2024 година

Седницата ја отвори и со неа раководеше генералниот секретар на МРФ, Проф.др. Васил Костов.

На седницата беа присутнии членовите на Управниот Одбор: Сашо Васков, Филип Серафимовиќ, Златко Џурковски, Благе Денковски, Предраг Стојчиќ, Александар Миловски, Слободан Симоски, Бранко Јанушев, Лазар Лазаровски и Нико Чоневски.

За седницата беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на состојбата со натпреварите за претстојната натпреварувачка сезона
2. Дискусија во врска со техничката служба на МРФ
3. Разно

Вака предложениот дневен ред е ставен на гласање и едногласно е усвоен.

**Точка 1:** Разгледување на состојбата со натпреварите за претстојната натпреварувачка сезона

Генералниот секретар Васил Костов наведе дека до членовите на УО се стигнати повеќе барања од натпреварувачите на здруженијата, со барања за насоки како да се однесуваат во однос на повиците од нелегалниот т.н. управен одбор на МРФ кој ги повикува да натпреваруваат во своите дисциплини. Воедно и претседателите на легалните натпреварувачки комисии очекуваат насоки од УО како да постапат во однос на календарите за претстојните лига натпревари во рамките на МРФ.

За збор се јави членот на УО од ЗСРРК „Вардар" - Скопје Александар Миловски кој предложи додека не се разреши ситуацијата во МРФ и проблемот со впишување на новиот претседател на МРФ избран на вонредното собрание одржано на 24.12.2023 година, да се донесе одлука комисиите да не прават календари и да се стопираат натпреварите до разрешување на ситуацијата.

На оваа дискусија се надоврза членот на УО на ЗРСРК „Рибар 2011“ - Скопје Сашо Васков кој нагласи дека е потребно да се информираат комисиите и спортските натпреварувачи дека сите предвидени натпревари ќе се одржат за тековната година, само што ќе се одложи почетокот на истите од оправдани причини.

Својот став за предлогот на Александар Миловски го изрази и Лазар Лазаревски кој рече дека во неговото матично здружние Бабуна веќе се разговарало на оваа тема со нивните натпреварувачи и има консензус за да се постапи на предложениот начин.

Збор уште еднаш зема Васил Костов со став дека за ова треба да се донесе одлука и истата да се достави до МРФ, здруженијата и сите натпреварувачки комисии.

Веднаш потоа предложи да се стави на гласање одлука за сите комсии да се воздржат од доставување на календари за одржување на натпревари во спортски риболов во сите дисциплини за 2024 година, се до разрешување на состојбата и впишување на новиот претседател на МРФ во Централен регистар на РСМ, согласно одлуките донесени на одржаното вонредно собрание на МРФ на 24.12.2023 година

По ова предлог одлуката беше ставена на гласање и предлог беше едногласно прифатен.

**Точка 2:** Дискусија во врска со техничката служба на МРФ

По оваа точка од дневниот ред Благе Денковски информираше дека техничката служба на МРФ е изложена на притисоци од страна на актуелниот претседател на МРФ, Васе Ѓорѓевски, да доставуваат деловни документи на лица кои не се дел од службите, управниот одбор и комисиите при МРФ, како и да овозможат пристап до цела документација на МРФ на надворешни лица.

Се разви дискусија од повеќе членови на УО по оваа точка при што се изнесоа слични информации од повеќе лица (Александар Миловски, Бранко Јанушев, Слободан Симоски) и општа констатација беше дека нешто треба да се преземе во врска со тоа.

На дискусијата се надоврза Филип Серафимовиќ кој истакна дека тој веќе има испратено електронска порака до техничката служба по одржување на вонредното собрание, дека техничката служба не смее да постапува по нелегални наредни од сменетиот претседател кој со такви дејствија врши злоупотреба на вакум просторот од одржување на вонредното собрание до впишување на новиот претседател во ЦР на РСМ.

На ова се надоврза Васил Костов кој предложи да се донесе одлука со која Уравниот одбор ќе забрани на техничката служба на МРФ да даваат документација на надворешни лица и лица кои не се членови на УО на МРФ без одобрување од страна на Управниот одбор на МРФ:

По ова предлог одлуката беше ставена на гласање и предлог беше едногласно прифатен.

**Точка 3:** Разно

Под точка 3 се разговараше за статусот на поднесената кривична пријава од страна на УО на МРФ против претседателот Васе Ѓорѓевски за злоупотреба на службена положба и овластување.

Филип Серафимовиќ и Васил Костов изјавија дека тие веќе биле повикани како сведоци во единицата за економски криминал при СВР Скопје и дале свои изјави, а претходно во МРФ дошле инспектори од истата единица и ја проверувале документацијата на МРФ.

Со оглед на тоа дека дискусијата по оваа точка заврши и немаше други членови пријавени за дискусија, генералниот секретар ја затвори седницата на УО.

Седницата заврши во 19:15.

Скопје, 16.02.2024

Записничар
Филип Серафимовиќ

| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА · MACEDONIAN FISHING FEDERATION · МРФ | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

Врз основа на член 23 и член 39 од Статутот на МРФ, Управниот Одбор на МРФ на својата седница одржана на ден 16.02.2024 година ја донесе следнава

# Одлука

Сите комисии за натпревари при МРФ да се воздржат од доставување на календари за одржување на натпревари во спортски риболов во сите дисциплини за 2024 година до разрешување на состојбата и до впишување на новиот претседател на МРФ во Централен регистер на РС Македонија согласно одлуките донесени на одржаното вонредно собрание на МРФ на 24.12.2024.

Сите натпревари, во сите дисциплини, ќе се одржат во текот на 2024 година.

Доставените календари од нелегитимните тела, кои се претставуваат во име на МРФ, а се формирани од страна на претседателот Васе Ѓорѓевски се неважечки, а сите донесени одлуки во врска со натпреварите во спортски риболов се прогласуваат за ништовни.

Оваа одлука да се достави до Агенција за млади и спорт, Државен инспекторат за земјоделство и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Управен одбор на МРФ

Прилог:

- Одлука за членови на УО на МРФ – Извод од Централен регистер на РСМ од 16.02.2024 2024 година.
- Потписи на членови на УО на МРФ

| Членови на Управен Одбор на МРФ | | |
|---|---|---|
| **Број** | **Име и презиме** | **Потпис** |
| 1 | Васков Сашо | |
| 2 | Златко Чурковски | |
| 3 | Блаже Денковски | |
| 4 | Предраг Стојчев | |
| 5 | Александар Миловски | |
| 6 | Слободан Симоски | |
| 7 | Филип Серафимовиќ | |
| 8 | Весна Коцева | |
| 9 | Тануфчев Бранко | |
| 10 | Лазар Лазаревски | |
| 11 | Нико Чоневски | |
| 12 | | |
| 13 | | |
| 14 | | |
| 15 | | |
| 16 | | |
| 17 | | |
| | | |
| | | |